# Состојбата на граничните премини
# Гевгелија и Куманово

***Период: 03.10.2016– 09.10.2016***

## Гевгелија

### *Просторни капацитети и услови*

Бројот на бегалци во Транзитниот камп- Винојуг се движи од 122 до 129 до крајот на седмицата, откако седумчлено семејство е задржано во кампот поради здравствената состојба на дете од семејството.

Во просторните услови во кампот нема поголеми промени.

### *Институционално постапување*

Во текот на седмицата, во два наврати беа донесени групи со бегалци кои се затекнати по илегални патишта. На 04.10.2016 година, донесена е група од 19 бегалци со различно потекло од Пакистан, Сирија и Ирак. Откако им е укажана медицинска и хуманиратна помош, тие се пренесени на грчка територија. На 09.10.2016 година, со воени камиони се донесени 45 бегалци со потекло од Сирија, Авганистан и Иран. Од страна на Црвен Крст им е укажана медицинска и хуманитарна помош. Најголемиот дел бегалци од оваа група се пренесени на грчка територија, освен едно седумчлено семејство, маж и жена со пет деца, меѓу кои и бебе родено пред 24 дена. Поради утврдена жолтица кај бебето, семејството е задржано во кампот се додека не се подобри неговата здравствена состојба.

## Куманово

### *Просторни капацитети и услови*

Бројот на бегалци во кампот изнесува околу 60, без значителни промени.

Состојбата во кампот е релативно мирна, пред се поради депресивното расположение на бегалците и лошите временски услови, поради што поголем дел од денот го поминуваат во своите контејнери.

Со падот на температурата, се забележува недостаток на зимска облека кај бегалците.

### *Институционално постапување*

На 04.10.2016 се затекнати осум бегалци пред капијата на кампот, на кои не им е дозволен влез во кампот од  страна на полициските службеници. Нивно единствено барање било да добијат храна. По инсистирање на набљудувач на Хелсиншки комитет, им е обезбедена храна од Црвен Крст, по што полицијата извести дека ќе бидат пренесени кон Гевгелија и грчката граница.

## Состојба во Прифатните центри во Република Македонија

Бројот на бегалци во прифатните центри во Република Македонија е недостапен.

## Нерегуларна миграција

Во текот на овој период, Министерството за внатрешни работи нема регистрирано ниту еден инцидент или кривично-правен настан поврзан со бегалците и криучарењето на бегалците.